# Прв извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција

(март 2019 - септември 2019)

Автор: Мартина Илиевска

ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Проектот „Набљудување на успешноста на работата на Државнта комисија
за заштита од корупција“ е  Финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија.
„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се
смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество- Македонија“.

# Содржина

Резиме 1

Државна комисија за спречување корупција 2

Анализа на резултати 3

Анализа на податоците добиени со пристап до информации од јавен карактер 13

Методолошки пристап 18

Кратко Резиме 23

Библиографија 24

# Импресум


Наслов: Прв извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција

Издавач: Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

Автор: Мартина Илиевска

Дизајн: Дејан Кузмановски

Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.idscs.org.mk

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.072.2:343.352(497.7)"2019*03/*09"(047.31)\\ .

ИЛИЕВСКА, Мартина
Прв извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција / Мартина Илиевска. - Скопје : Институт за демократија Социетас Цивилис - (ИДСЦС), 2020. - 24 стр. : граф. прикази, табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамки на проектот: "Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија за заштита од корупција". - Библиографија: стр. 24

ISBN 978-608-4775-49-2

а) Државна комисија за спречување корупција - Транспарентност - Македонија - 2019*03/*09 - Истражувања
COBISS.MK-ID 112032010

# Резиме

Како главна цел за мониторингот на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)  е  следење на активностите на ДКСК и донесените одлуки по отворени предмети за различни сомневања за корупција и/или судир на интереси. Извештајот се потпира на анализа на документи кои се јавно достапни на веб- страницата на ДКСК. Во овој дел се дадени согледувањата кои произлегуваат од резултатите на истражувачкиот пристап.

Мониторирањето на активностите на Државната комисија за заштита од корупција е направено врз основа на методологија, изработена на дводневна работилница на Платформата за борба против корупцијата.  Предмет на анализа се одлуките донесени од Државната комисија за спречување на корупцијата во период од март 2019 до септември 2019 година, и  одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер испратени до ДКСК. Вкупниот број донесени и анализирани одлуки на ДКСК изнесува  N=273, донесени на 22 седници. За добивање на длабински информации во септември 2019 беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер и институцијата одговори во законски предвидениот рок, чиишто одговори се дел од анализата.

Комисијата може да ја затвори постапката по донесување на одлуката согласно добиените податоци во текот на постапката, или, пак, да ја продолжи со постапката по констатирање на прекршок на некоја од одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Речиси **една четвртина од одлуките (65) содржат одредба за продолжување на постапките, а поголемиот дел (208) се запрени од различни причини.** За контекстуализација на наодите важен е податокот дека за продолжение на постапката (покренување на постапката пред други институции или издавање прекршочен платен налог) најмногу било побарано во областа образование и локална самоуправа. Наспроти тој податок, за една петтина од случаите Комисијата одлучила дека нема доволно податоци или елементи за покренување постапка пред други органи, по што со одлуката ја затвора постапката.

**Просечното времетраење од почеток на постапка до донесување одлука на ДКСК изнесува 2 месеца и 18 дена.** Доколку се земе предвид дека процесот подразбира прибирање податоци од релевантни институции, разгледување на податоците и донесување на одлуката, ова укажува на релативно брзо делување на комисијата и добра соработка со останатите институции од кои треба да се прибават информации, потребни во постапката.

Кога станува збор за типовите повреда кои се наведени во пријавите, **ДКСК најмногу донела одлуки за постапки за вработување и контрола на интерес.** Односно, наводите биле за нарушување на правата од работен однос и постапки за вработување, 42%. Постапките кои се структурирани во контрола на интереси и имот, се и постапки за проверка на анкетни листови за имотна состојба, а воедно тоа се и одлуки во кои има изречено најголем број прекршочни налози.

Во секторите на образование и (даватели на) јавни услуги ДКСК во периодот има донесено најмногу одлуки, додека, пак, ниту една од донесените одлуки во периодот не е донесена за постапка водена во областите на Концесии – доделување концесии и минерали и суровини, односно постапки со сомненија за корупција за доделување  концесии за експлоатација на суровини и/или претпријатија кои експлоатираат суровини.

# Државна комисија за спречување корупција

Уредувањето на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, во основа, се уредени во *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* донесен во јануари 2019 година. Законот го интегрираше спречувањето на корупцијата со спречувањето на судирот на интереси, кои пред тоа беа предмет на уредување на посебни закони. Државната комисија за спречување на корупцијата има проширени надлежности во однос на спречување на корупцијата, со донесување на новиот закон. Дополнително, со измените на законот се направија и промени во условите и постапката за избор на членовите на ДКСК.[1]

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со закон и има својство на правно лице, составена од претседател и шест члена. Државната комисија има секретаријат со кој раководи генерален секретар, како стручна служба која ги врши административните работи под надлежност на Државната комисија. Претседателот и членовите на Државната комисија се избираат на јавен оглас којшто го објавува Собранието на Република Македонија и согласно со овој закон, се именуваат од Собранието на Република Македонија за период од пет години, без право на повторен избор.

ДКСК има надлежности поврзани со процесот на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи со цел спречување на корупцијата.  Овластувањата што ги има се: да покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност, како и постапка за кривично гонење на избрани, именувани или службени лица во органите на јавната администрација.[2]

Со донесување на новиот закон, престана мандатот на членовите на Државната комисија избрани претходно, а новите членови на комисијата беа избрани на 8 февруари 2019 година.

---

1 Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Број на Службен весник: 12/2019 (член 9 и 10 )
2 Kocevski, G. (2019). Towards accountable and transparent public administration by means of functional oversight institutions. Foundation Open Society – Macedonia

# Анализа на резултати

## Најголем број од одлуките се од областите јавни услуги и образование

Одлуките кои ги има донесено ДКСК во периодот што е предмет на анализа, најмногу се однесуваат на предмети кои се од областа на јавните услуги 28% и образование 24%. Одлуките кои се анализирани под областа јавни услуги се однесуваат на постапки кои се поведени под сомнение дека има незаконски дејствија во институции кои се даватели на јавни услуги, а истите не се опфатени во другите области. Случаите кои се наведени под областа образование се однесуваат на постапки кои се водени за вработени и носители на раководни функции во образовни институции од сите нивоа и постапки кои се одвивале во образовни институции (вработување, престанок на работа и сл.).

Ниту една од донесените одлуки во периодот не е за постапка водена во областите на Концесии – доделување концесии и минерали и суровини, односно постапки со сомненија за корупција за доделување концесии за експлоатација на суровини, и/или претпријатија кои експлоатираат суровини.

Поголемиот дел од постапките (208) се запрени од различни причини, но 65 продолжуваат на понатамошна постапка. Продолжение на постапката најмногу било побарано во областа образование и локална самоуправа. Од продолжените постапки 45% се од областа образование, а 35% од локална самоуправа. Речиси сите од продолжените постапки во овие две области се однесуваат на контрола на имот и постапката се продолжува со издавање прекршочен платен налог или постапка за порамнување. Постапките се почнати поради неисполнување на обврската за пополнување и доставување на анкетен лист со детален попис на имотот.

Постапките кои се затворени во одлуките на ДКСК без понатамошно продолжување пред други институции или изрекување мерка од страна на ДКСК, најмногу се од областа други јавни услуги 33%. Затворените постапки од областа јавни услуги кога ќе се споредат со типот на повреда, се увидува дека во најголем број се од типот на вработување, односно постапки за работните односи.

Детален преглед, според областа на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа, е прикажан во графикон 1.

**Графикон 1.** Области на донесените одлуки на ДКСК




## Прекршочни платни налози за неподнесени анкетни листови за состојба на имот

Доколку се споредат донесените одлуки во различните области со типот на повреда која е утврдена, се увидува дека најголем број од постапките биле поврзани со типот вработување и постапки на вработување, а најмалку за влијание врз регулатива. Одлуките поврзани со вработување најмногу се во областа на правосудството - 56% и во областа органи на спроведување закон, 73%.

Поголема отстапка има во областа на образование каде што најголемиот број постапки биле од типот на контрола на интереси и имот, односно се однесуваат на проверката на задолжителните анкетни листови за состојбата на имотот кои треба да ги доставаат вработените на раководни функции во образовните институции, 18% од вкупниот број на постапки и 71% од постапките во областа образование.

Во најголемиот дел од постапките од типот на контрола на имот продолжиле со издавање прекршочни платни налози, постапка за порамнување која претходи на прекршочна постапка. Бројот на прекршочни платни налози кои се наведени во одлуките на ДКСК, не соодветствува со добиените податоци по пат на пристап до информации од јавен карактер. Имено, според одлуките јавно објавени на веб-страницата на ДКСК издадени се 51 вакви прекршочни платни налози, додека, пак, по писмен пат ДКСК одговори дека се издадени 68 платни налози.

Детален преглед според областа и типот на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 2 и графикон 3.

**Графикон 2.** **Преглед според областа и типот на одлуките донесени од ДКСК**




**Графикон 3.** **Преглед според типот и областа на одлуките донесени од ДКСК**



## 42% од донесените одлуки се однесуваат за постапки поврзани со вработување или работни односи

ДКСК во анализираниот период, најмногу одлуки донеле за постапки од типот навработување и типот на контрола на интерес, а најмалку одлучувала за случаи поврзани од типот на влијание на регулатива.

Речиси две третини од постапките за кои се донесени одлуки во периодот на анализа се поврзани со постапки за вработување и/ или работните односи (42%) и Контрола на интереси и имот – редовна проверка на ДКСК на анкетните листови за имотна состојба на носители на јавни функции (27%).

Детален преглед според тип на повреди во одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 4.

**Графикон 4.** **Преглед според тип на повреди во одлуките донесени од ДКСК**



## Една јавна опомена е изречена во период од седум месеци

Државната комисија за спречување на корупцијата во една петтина од случаите одлучила дека нема доволно податоци или елементи за покренување на постапка пред други органи по што ја затвора постапката и не покренува постапка пред други надлежни органи. Наспроти тој податок само во 4% од постапките комисијата одлучила да започне иницијатива за натамошна постапка пред други институции.

ДКСК во една петтина од одлуките заклучува дека нема корупција или судир на интереси, по што ги затвора постапките.

Понатамошните мерки кои ги изрекува ДКСК во одлуките се прекршочна мерка, и издаден е прекршочен платен налог 19.9%, а само во еден случај е изречена мерка јавна опомена.

Детален преглед според статусот на донесената одлука во одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 5.

**Графикон 5.** **Преглед според статусот на донесената одлука во одлуките донесени од ДКСК**



## Голем дел од постапките ДКСК ги започнува по сопствена иницијатива

Позитивни се податоците дека повеќе од една третина од постапките се започнати од ДКСК, по сопствена иницијатива 26% и по службена должност 7% и по допрен глас од сознанија добиени од медиумите 12%. Најголем број од постапките се започнати по покрената иницијатива од познат подносител или група подносители 28%, а мал дел се покренати по поднесена иницијатива од непознат подностиел 5% и поднесени по електронска пошта 2%.

При споредба на податоците според иницијаторот на постапката и продолжувањето на статусот на одлуките, најмногу од одлуките во кои е констатирано дека треба да се продолжи постапката се започнати под сопствена иницијатива на ДКСК, 72%, додека, пак, најголем број од запрените постапки се иницирани од познат подносител 33%.

Детален преглед според иницијаторот на постапките на ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 6.

**Графикон 6.** **Преглед според иницијаторот на постапките на ДКСК**



## ДКСК утврдиле корупција или судир на интереси во 4% од одлуките

При иницирање постапки кои се однесуваат на политичките партии ДКСК во повеќе од половина одлучува дека се непотврдени наодите наведени во пријавата или ги отфрла наодите.

Само во 4% од поднесените пријави утврдува дека постои корупција или судир на интереси и иницира понатамошна постапка. За одлуките кои се од областа на правосудството најчесто одлучува дека нема корупција или судир на интерес и дека комисијата не е надлежна и се иззема за натамошно постапување.

Постапките кои се поврзани со здравството, градежништвото и животната средина и бизнис и финансиите најчесто се затворени од причина што ДКСК смета дека нема доволно податоци за продолжување постапка.

Најголем број на прекршочни мерки се изречени во областите на локалната самоуправа и образованието и истите се однесуваат на ненавремено поднесување анкетни листови за докажување на имотната состојба на носители на јавни функции.

Детален преглед според Статус на постапката донесена со одлуката согласно областите во кои е наведено сомнение за прекршување во одлуките на ДКСК кои се предмет на анализа даден е во табела 2.

Табела 2.

**Преглед според Статус на постапката донесена во одлуката согласно областите во кои е наведено сомнение за прекршување во одлуките ДКСК**

| ОБЛАСТ | | | СТАТУС НА ОДЛУКА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | НЕМА ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПКА | ОТФРЛЕНО / ОДБИЕНО | ПОТВРДЕНО / УСВОЕНО | ПРОМЕНА НА ФАКТИЧКА СОСТОЈБА | НЕМА НАДЛЕЖНОСТ | НЕМА КОРУПЦИЈА / СУДИР НА ИНЕРЕС | НЕОСНОВАНИ / НЕПОТВРДЕНИ | ПРЕКРШОЧНА | НЕОСНОВАНА | ЈАВНА ОПОМЕНА | БЕСПРЕДМЕТНО | ЗАСТАРЕНО |
| ОБЛАСТ | Политички партии | % област | 23% | 32% | 4.5% | | 4.5% | 4.5% | 32% | | | | | |
| | | % од вкупно | 2% | 3% | 0.4% | | 0.4% | 0.4% | 3% | | | | | |
| | Правосудство | % област | 5% | 21% | | 5% | 32% | 37% | | | | | | |
| | | % од вкупно | 0.4% | 1.5% | | 0.4% | 2.2% | 2.6% | | | | | | |
| | Здравство | % област | 37.5% | | | 12.5% | 12.5% | 12.5% | | 12.5% | 12.5% | | | |
| | | % од вкупно | 1% | | | 0.4% | 0.4% | 0.4% | | 0.4% | 0.4% | | | |
| | Градежништво и животна средина | % област | 33% | 33% | | | | 33% | | | | | | |
| | | % од вкупно | 0.4% | 0.4% | | | | 0.4% | | | | | | |
| | Бизнис и финансии | % област | 44% | 33% | | | 11% | | | | | | 11% | |
| | | % од вкупно | 1.5% | 1% | | | 0.4% | | | | | | 0.4% | |
| | Медиуми | % област | | 50% | | | | 50% | | | | | | |
| | | % од вкупно | | 0.4% | | | | 0.4% | | | | | | |
| | Органи на спроведување закон | % област | 27% | 18% | 9% | | | 45.5% | | | | | | |
| | | % од вкупно | 1% | 1% | 0.4% | | | 2% | | | | | | |
| | Енергетика | % област | | | | | | | 100% | | | | | |
| | | % од вкупно | | | | | | | 0.4% | | | | | |
| | Образование | % област | 15% | 3% | 1.5% | | 1.5% | 17% | 3% | 42% | | | | 17% |
| | | % од вкупно | 4% | 1% | 0.4% | | 0.4% | 4% | 1% | 10% | | | | 4% |
| | Концесии | % област | | | | | | | | | | | | |
| | | % од вкупно | | | | | | | | | | | | |
| | Земјоделие | % област | | 50% | 50% | | | | | | | | | |
| | | % од вкупно | | 0.4% | 0.4% | | | | | | | | | |
| | Минерали и суровини | % област | | | | | | | | | | | | |
| | | % од вкупно | | | | | | | | | | | | |
| | Спорт | % област | 33% | | | 33% | 33% | | | | | | | |
| | | % од вкупно | 0.4% | | | 0.4% | 0.4% | | | | | | | |
| | Јавни услуги | % област | 26% | 7% | | 21% | 3% | 22% | 5% | 12% | | | 4% | |
| | | % од вкупно | 7% | 2% | | 6% | 1% | 6% | 1.5% | 3% | | | 1% | |
| | Локална самоуправа | % област | 6% | 12.5% | 12.5% | 17% | 2% | 15% | | 33% | | 2% | | |
| | | % од вкупно | 1% | 2% | 2% | 3% | 0.4% | 3% | | 6% | | 0.4% | | |

## Потребни ѝ се просечно два месеца на ДКСК од отпочнување на постапка до донесување на одлука

Периодот на донесување одлука од ДКСК, во периодот од март до септември, просечно е 2 месеца и 18 дена од поднесување на постапката од старна на подносителот до донесување на одлуката.

Најголемиот дел од одлуките се донесени по изминување на еден месец од поднесувањето на постапката. Максимален број на денови на ДКСК кои им биле потреби се 219 за постапка за сомневања за сторени злоупотреби при распределба на буџетски средства за финансирање на програма од областа на културата од страна на Министерството за култура која е запрена бидејќи нема податоци за понатамошна постапка. Минималниот број од 3 дена е за постапки иницирани од политичките партии за време на изборниот период и изборната кампања во 2019 година.

На комисијата најмногу време ѝ било потребно да одлучува за постапките кои биле за контрола на интереси и имот и вработување за кои биле потребни околу три месеци да се набават сите информации и да се одлучи за истите.

Доколку се разгледува временскиот период за донесување одлука која е продолжена во понатамошна постапка и затворена од ДКСК нема значајна разлика во средната вредност на времетрањето. Период од почнување на постапката до донесување на одлука за затворање на истите, на комисијата ѝ било потребно 2 месеца и 18 дена да донесе одлука, а за одлуките кои се продолжени на понатамошна постапка 2 месеца и 20 дена.

Детален преглед на деновите за донесување на одлуките од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 7.

**Графикон 7.** **Преглед на деновите за донесување на одлуките од ДКСК**



Детален преглед споредбено со типот на повреда и времетраењето на постапката на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во табела 3.

Табела 3.

**Преглед споредбено на типот на повреда и времетраењето на постапката на одлуките донесени од ДКСК**

| | | | ВКУПНО ДЕНОВИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3-29 | 30-59 | 60-89 | 90-119 | 120-149 | 150-179 | 180-219 |
| ТИП | Јавни финансии | % област | 6% | 53% | 13% | 9% | 9% | 0% | 9% |
| | | % од вкупно | 1% | 7% | 2% | 1% | 1% | 0% | 1% |
| | Надзор | % област | 32% | 41% | 5% | 9% | 5% | 5% | 5% |
| | | % од вкупно | 3% | 4% | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| | Вработување | % област | 6% | 30% | 36% | 11% | 9% | 6% | 1% |
| | | % од вкупно | 3% | 13% | 15% | 5% | 4% | 3% | 0% |
| | Контрола на интереси и имот | % област | 6% | 21% | 40% | 9% | 1% | 3% | 20% |
| | | % од вкупно | 2% | 6% | 11% | 2% | 0% | 1% | 5% |
| | Влијание врз регулатива | % област | 25% | 50% | 0% | 0% | 25% | 0% | 0% |
| | | % од вкупно | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| | Кумулација на функции | % област | 0% | 55% | 5% | 0% | 35% | 5% | 0% |
| | | % од вкупно | 0% | 4% | 0% | 0% | 3% | 0% | 0% |

# Анализа на податоците добиени со пристап до информации од јавен карактер

Работењето на Државната комисија се базира на Законот за заштита од корупција и судир на интереси каде што се пропишани одредбите за избор на членовите на комисијата, делокругот на работа и внатрешното функционирање. За време на изборен период ДКСК има активна функција на следење на изборните процеси, каде што постапува согласно Изборниот законик.

За подлабински да се увиди работата, до Државната комисија за спречување на корупцијата беа испратени 13 барања за пристап до информации од јавен карактер во текот на септември, на кои институцијата одговори на сите прашања во законски предвидениот рок. Прашањата испратени до ДКСК се однесуваа за добивање податоци за број на почнати постапки под различни основи, продолжување постапки и изрекување мерки, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик.

## Корупција:

Согласно дефинициите во Законот за заштита од корупција и судир на интереси, корупцијата е дефинирана како пасивна и активна корупција.

„**Пасивна корупција** - *намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.*

**Активна корупција** - *намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.“* [1] (Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 2).

**Добиениот податок по испратено барање за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК гласи:**

„Доставете ни информација за бројот на оформени предмети поради сомневање за постоење корупција во периодот од јануари до октомври 2019 година. По колку од предметите е донесена одлука и колку од предметите сѐ уште се води постапка?“

**Добиен е следниот одговор:**

*„Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во периодот од јануари 2019 година, заклучно со 14.10.2019 година има оформено 592 предмети поради сомневање за постоење корупција. Од вкупно оформените предмети во периодот донесени се вкупно 77 одлуки“.*

Одговор на ДКСК на барање за информации од јавен карактер

## Судир на интерес:

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси дефинира **судир на интереси** како состојба во која службеното лице (сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор) има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
Во текот на работењето службеното лице е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за судир на интереси , службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија и да превземе неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес. (Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 2).

**Добиениот податок по испратено барање за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК гласи:**

„ Доставете ни информација за број на оформени предмети заради утврдување на постоење судир на интереси, во периодот од јануари до октомври 2019“.

**Добиен е следниот одговор од ДКСК:**

*„Државната комисија за спречување на крупцијата согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во периодот од Јануари 2019 година, заклучно со 14.10.2019година има оформено вкупно* **362** *предмети заради утврдување на постоење на* **судир на интереси**“.

Одговор на ДКСК на барање за информации од јавен карактер

## Нерегуларности во изборен период:

ДКСК има активна улога во изборниот процес и постапува согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, глава IV – Спречување на корупцијата во политиката и Изборниот законик.

Согласно Изборниот законик од денот на донесување на одлука за распишување на избори до завршување на изборот не може да се располага со буџетски средства на РСМ, средства на буџетите на општините и градот Скопје, *од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал.* (Изборен законик, член 8а).

Дополнително членот 8б вршење и обид за вршење притисок и заплашување гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица, како и користење движен и недвижен имот за потребите на изборната кампања. (Изборен законик, член 8б).

Изборите во 2019 година, се распишани со Решение од Претседателот на Собранието на РСМ на 07.09.2019 година, а се одржани на 21 април (прв изборен рок) и 5 мај (втор изборен рок). Изборниот процес е поврзан со Избор на Претседател на Република Северна Македонија и предвремени избори за градоначалници на Охрид, Ново Село, Дебар.

За добивање податок од ДКСК за бројот на добиени приговори беше испратено барање за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК кое гласи:

„Доставете ни информација за колкав е бројот на поднесени приговори за непочитување на членот 8а и членот 8б од Изборниот законик, за време на изборната кампања 2019 година".

**Добиен е следниот одговор од ДКСК:**

*„До Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно одредбите за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одредбите од Изборниот законик, за време на изборната кампања 2019 година за избор на претседател на РС Македонија се поднесени вкупно 22 приговора за непочитување на член 8а и член 8б од Изборниот законик".*

Одговор на ДКСК на барање за информации од јавен карактер

## Пријавување на (промени во) имотната состојба и интереси:

Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од 30 дена од стапувањето на функцијата е должно да поднесе изјава за имотната состојба и интереси.

Државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал, **а податоците од изјавата за имотна состојба и интереси и пријавата за промена во имотната состојба и интереси претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон и** се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија.

Доколку има промена во имотот секое лице кое што располага со државен капитал во рок од зголемувањето на неговиот имот или на имотот на член на неговото семејство, должно е да ја пријави промената во имотната состојба  и интересите во рок од 30 дена. (Закон за спречување корупцијата и судирот на интереси, член 85).

За добивање податоци за проверката која ја врши ДКСК за имотната состојба на лица кои располагаат со државен капитал, беа испратени две барања за пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваа на бројот на поднесени анкетни листови и поднесени барања за поведување прекршочна постапка против лица кои не ја исполниле обврската за пополнување и доставување Анкетен лист.

**Добиени се следните одговори од ДКСК:**

*„До Државната комисија за спречување на корупцијата во периодот од јануари, заклучно со 15.10.2019 година се доставени* **555 анкетни листови** *од страна на избрани или именувани лица и од одговорни лица во јавните претпријатија, јавни установи и други правни лица кои располагаат со државен капитал“.*

*„Државната комисија за спречување на корупцијата во периодот од јануари, заклучно со 15.10.2019 година има поднесено* **7 барања за поведување прекршочна постапка** *за сторен прекршок поради неисполнување на обврската за пополнување и доставување анкетен лист.*

*Во посочениот период, за констатиран прекршок поради неисполнување на обврската за пополнување и доставување Анкетен лист со детален попис на имот, пред да биде поднесено барање за прекршочна постапка, водена е постапка за порамнување при што се издадени* **68 прекршочни платни налози** *согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси“.*

Одговор на ДКСК на барање за информации од јавен карактер

## Изрекување мерка јавна опомена:

Доколку Државната комисија констатира постоење судир на интереси, е должна за тоа да го извести службеното лице и да побара од него во рок од 15 дена од доставување на одлуката да го отстрани судирот на интереси, доколку службеното лице не постапи по барањето ДКСК бара соодветна постапка за именуваното лице. Мерка јавна опомена се изрекува на лице кое е избрано на непосредни избори. (Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 77).

**Добиениот податок по испратено барање за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК гласи:**

„Доставете ни информација за број на донесени одлуки за изрекување мерка - јавна опомена, согласно со одредбите од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во периодот од јануари до октомври 2019 година".

**Добиен е следниот од говор:**

*„Државната комисија за спречување на корупцијата согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во периодот од јануари до октомври 2019 година има донесено* **една одлука за изрекување мерка – Јавна опомена***"*.

Одговор на ДКСК на барање за информации од јавен карактер

# Методолошки пристап

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) претставува превентивно тело, кое има функција да спречи да настане корупција, но и да иницира постапки до другите институции во антикорупцискиот систем. Со донесување на новиот Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, престана мандатот на членовите на Државната комисија избрани претходно, а новите членови на комисијата беа избрани на 8 февруари 2019 година.

Круцијално е да се следи работењето на новиот состав на ДКСК и нивната соработка со институциите, во насока на намалување на корупцијата во Република Северна Македонија. Заемната соработка на институциите е важен фактор за долгорочна и одржлива борба против корупцијата.

Донесените одлуки од Државната комисија за спречување на корупцијата се основа за мониторирање на работењето, во првите седум месеци од изборот на новите членови и претседател на комисијата.

Методологијата на следење на активностите на ДКСК и одговорите на институциите, за кои има отворено предмети, или институциите каде што тие предмети се упатени е изработена за време на дводневна работилница, во која учествуваа претставници на организациите кои се дел од Платформата за борба против корупцијата.

Податоците на кои се потпира извештајот се прибирани од сајтот на Државната комисија за спречување на корупцијата и претставуваат јавно достапни информации и информации добиени со испраќање барања за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК. Анализирани се одлуките донесени од ДКСК во периодот од март до септември 2019 година на 22 одржани седници и добиени се одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер добиени од ДКСК испратени во септември 2019 година.

## Опис на примерок на анализа:

Предмет на анализа се одлуките донесени од Државната комисија за спречување на корупцијата во период од март 2019 до септември 2019 година и барања за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК. Вкупниот број на анализирани одлуки на Државната комисија за спречување на корупцијата е **N=273.**

До Државната комисија за спречување на корупцијата беа испратени **13 барања** за пристап до информации од јавен карактер во текот на септември, институцијата одговори на сите прашања во законски предвидениот рок и истите беа предмет на анализа.

## Опис на варијабли:

Одлуките се анализирани според областа во која имало интенции за корупција или судир на интереси, типови прекршување, статусот на постапката (што е одлучено од страна на ДКСК) кој ја иницирал постапката пред ДКСК и времетраењето на целата постапка. Детален преглед на варијаблите кои се предмет на анализа е даден во табелите од број 4 до број 7.

Табела 4.

Преглед области на донесените одлуки на ДКСК

| | **Области на донесените одлуки на ДКСК** |
|---|---|
| **Правосудство** | Судови, судски органи, јавно обвинителство, народен правобранител, јавно правобранителство. |
| **Здравство** | Здравствени установи, клинички центри, Републички завод за здравствена заштита, Фонд за здравство итн. |
| **Градежништво и животна средина** | Градежни фирми, управување со животната средина, влијание врз животна средина, управување со отпад и депонии итн., инфраструктурни проекти |
| **Бизнис и финансии** | Приватни компании, банки, осигурување |
| **Медиуми** | Традиционални и online-медиуми |
| **Органи за спроведување на закон** | Полиција, царина, финансиска полиција итн. |
| **Енергетика** | Јавни претпријатија и приватни фирми кои работат во производство, дистрибуција и снабдување со електрична и топлинска енергија |
| **Образование** | Градинки, основни училишта, средни училишта, високообразовни институции |
| **Концесии** | Договори за користење на државно/општинско земјиште и/или имот |
| **Земјоделие** | Субвенции, Министерство за земјоделство |
| **Минерали и суровини** | Рудници, претпријатија кои експлотираат суровини |
| **Спорт** | Спортски федерации, спортски организации, агенции за млади и спорт |
| **Јавни услуги** | Јавни претпријатија итн. - кои не се опфатени со претходно спомената област |
| **Локална самоуправа** | Општини, општински совети, градоначалници, ЗЕЛС |

| Табела 5.<br><br>Преглед тип повреда која е утврдена согласно одлуките донесени од ДКСК | **Тип повреда која е утврдена согласно одлуките донесени од ДКСК** |
|---|---|
| **Влијание врз регулатива** | Случаи каде што се влијае врз креирањето правила, политики или стандарди со цел остварување приватен интерес. |
| **Јавни финансии** | Се подразбираат случаи каде што со цел остварување приватен интерес се злоупотребуваат јавните пари преку јавни набавки, субвенции, откуп и сл. |
| **Вработување** | Се подразбираат случаи каде што приватен интерес се остварува преку вработување, како на пример случаи на клиентелизам, непотизам и *patronage*. |
| **Надзор** | Се подразбираат случаи каде што приватниот интерес се остварува преку притисок врз структурите за надзор или нивна системска злоупотреба, ослабување или укинување. |
| **Кумулација на функции** | Се подразбираат случаите каде што едно лице извршува или е назначено на две или повеќе функции. |
| **Контрола на интереси и имот** | Анкетни листови, неподнесување, непотполност |

| Табела 6. Преглед статус на донесената одлука | Статус на донесената одлука |
|---|---|
| **Нема доволно податоци** | Нема доволно податоци и елементи за покренување постапка пред други органи |
| **Отфрлено/ одбиено** | Отфрлени и/или одбиени постапки |
| **Потврден, усвоен, натамошна постапка** | Има потврда за прекршување на законот, предметот е во натамошна постапка |
| **Промена на фактичка состојба** | Во текот на постапката се променила фактичката состојба, постапката е затворена |
| **Нема надлежност** | ДКСК нема надлежност за да презме мерки |
| **Нема корупција/судир на интерес** | Утврдено е дека нема корупција или судир на интерес |
| **Неосновани, непотврдени** | Неосновани или непотврдени се индициите кои се наведени во поднесената пријава |
| **Прекршочна** | Изречена е мерка, прекршочна пријава и платен налог |
| **Отфрлен** | Случајот е отфрлен од страна на ДКСК |
| **Ништовна** | Постапката е ништовна |
| **Јавна опомена** | Изречена е мерка јавна опомена |
| **Беспредметно** | Утврдено е дека постапката е беспредметна |
| **Застареност** | Случајот е затворен поради застареност на случајот |
| **Има индиции за корупција, но променета е фактичката состојба** | Има индиции за корупција/судир на интерес, но прекината е постапката поради промена на фактичка состојба во текот на постапката |

| Табела 7. Преглед на иницирање постапка | **Иницирање постапка** |
|---|---|
| **Сопствена иницијатива** | Постапката е почната по иницијатива на ДКСК |
| **Анонимен подносител** | Пријавата е доставена од анонимен подноститeл |
| **Познат подносител** | Пријавата е доставена од познат подноститeл |
| **Сознанија од медиуми** | Постапката е почната по допрен глас од медиуми |
| **Електронска пошта** | Пријавата е добиена по електронска пошта |
| **Службена должност** | Постапката е почната по службена дожност на ДКСК |
| **Непознат подносител** | Пријавата е доставена од непознат подносител |
| **Политичка партија** | Пријавата е доставена од непознат подноститeл |
| **Нема информации** | Нема информации во одлуките како е иницирана постапката |

# Кратко Резиме

Државната комисија за спречување на корупцијата од изборот на новите членови во февруари 2019 до септември 2019 има одржано 22 седници и донесено 273 одлуки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Комисијата во анализираниот период постапките ги водела просечно 2 месеци и 18 дена, што е период од поднесување на постапката од старна на подносителот до донесување на одлуката.

Голем дел од постапките се започнати по сопствена иницијатива на ДКСК, по службена должност, или по допрен глас од сознанија добиени од медиумите што претставуваат позитивен индикатор за работењето на оваа институција.

За најголемиот дел од постапките (208) ДКСК одлучува да ги запре од различни причини, додека пак 65 се продолжени на понатамошна постапка. Државната комисија за спречување на корупцијата во една петтина од случаите одлучила дека нема доволно податоци или елементи за покренување на постапка пред други органи по што ја затвора постапката и не покренува постапка пред други надлежни органи.

Одлуките кои ги има донесено ДКСК во периодот кој е предмет на анализа најмногу се однесуваат на предмети кои се од областа на јавните услуги и образование. Кога станува збор за типот на повреда кои се наведени во пријавите, ДКСК најмногу донеле одлуки за постапки за вработување и контрола на интерес.

# Библиографија

Одлуките на Државната комисија за спречување корупција се достапни на следниот линк: https://www.dksk.mk/index.php?id=113.

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Број на Службен весник: 12/2019

Kocevski, G. (2019). Towards accountable and transparent public administration by means of functional oversight institutions. Foundation Open Society – Macedonia.

Изборен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19.

ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА